Република Северна Македонија
Јавна установа за деца Општинска детска градинка Фемо Кулаков
Бр. 0202-340
26.07 2021 год.
Неготино

Архивски знак:
Рок на чување:
од
Потпис.

Врз основа на член член 4 став 2 и член 5 став 2 од Законот за заштита на укажувачи и Правилникот за заштитено внатрешно пријавување на ЈУОДГ,,Фемо Кулаков,,Неготино, Директорот на ЈУОДГ,,Фемо Кулаков,,Неготино Коцева Јана, на ден 26.07 2021 година донесе

**О Д Л У К А**
**За именување овластено лице за прием на пријави од укажувачи**

1. За прием на пријави од укажувачи за сомневање или сознание дека е извршено, се врши или ќе се изврши казниво дело, или друго незаконско или недозволиво постапување со кое се повредува или загрозува јавниот интерес, го именувам лицето Алтанџиев Горан од Неготино,вработен во установата на работно место Советник-секретар.

2. Овластеното лице за прием на пријави од укажувачи е должно:
   - да постапи по пријавата со почитување на процедурите утврдени со актот за внатрешно пријавување;
   - да ги заштити личните податоци на укажувачот, односно податоците кои можат да го откријат идентитетот на укажувачот кој бара да биде анонимен или пријавува доверливо, согласно со прописите за заштита на личните податоци;
   - да го информира укажувачот кој е познат за преземените мерки во врска со пријавата без одлагање, а најдоцна во рок од 15 дена од денот на приемот на пријавата.

3. Овластеното лице за прием на пријави од укажувачи е должно да се придржува кон одредбите од Законот за заштита на укажувачи и Правилникот за заштитено внатрешно пријавување, кои се однесуваат на постапката за пријавување, заштита на укажувачот и заштита на неговите податоци и.т.н.

4. Оваа одлука стапува на сила со денот на нејзиното донесување.

ЈУОДГ,,Фемо Кулаков,,Неготино
Директор
Коцева Јана